ЦРНА
КНИГА

ЦРНА
КНИГА

Издавач:
Фондација Институт отворено општество – Македонија

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

За издавачот:
Владимир Милчин

Уредник:
Роберто Беличанец

Редакциски одбор:
Билјана Бејкова, Дамјан Здравев,
Филип Стојановски и Виолета Глигороска

Дизајн: Кома

Печати: Пропоинт

Тираж: 500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.625:316.613.4341 : 341.24

ЦРНА книга / [уредник Роберт Беличанец]. - Скопје: Фондација Институт отворено општество - Македонија, 2010. - 64 стр. : 21см

фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-075-5

а) Говор на омраза - Меѓународни правни аспекти
COBISS.MK-ID 85992714

# ПРЕДГОВОР

Оваа книга, пред сè, е документ за тоа што се случуваше во 2009 година на јавна сцена. Таа година беше маркирана од два насилни инцидента во чијашто суштина лежеше обид со насилни средства да се спречи слободата на изразување на две групи граѓани. Прво, насилно беше спречено одржување трибина на „Граѓани за европска Македонија“ во Струга од страна на организирана група луѓе, а веќе наредниот месец беше насилно спречен протестот поради изградба на црква на централниот скопски плоштад организиран од група студенти по архитектура – „Прва архибригада“. Во вториот настан, за првпат во историјата на самостојна Македонија, со реално физичко насилство беше спречен мирен протест од страна на друга организирана контрагрупа.

Овие два насилни настана во краток период покажаа дека нешто со јавниот дискурс во Македонија е крајно проблематично. Годината што следуваше само го потврди тоа со серија ексцеси и со притисоци врз различни групи и поединци.

Имајќи предвид дека физичкото насилство е секогаш подготвено од вербалното, се обидовме да направиме избор на „бисери“ од македонскиот јавен дискурс. Имајќи предвид дека линијата меѓу слободата на изразување и говорот на омраза е тенка, имајќи предвид дека говорот на омразата секогаш мора да се разгледува во контекст и, што е уште побитно, како составен дел на тој контекст неизбежни се и последиците што ги предизвикува, материјалот што следува е организиран на два начина. Прво, се обидовме да се фокусираме на неколку настани и во форма на „студија на случај“ и на читателот да му ги ставиме на располагања медиумските подготовки, но и релативизирањето на тие настани во медиумите и преку интернет-заедницата. Второ, кога се работи за стандардните стереотипи, кои имаат забавен и кумулативен ефект, а се насочени кон одредени ранливи групи, исто така се обидовме да извадиме некои карактеристични изјави.

Имајќи предвид дека новите генерации сè повеќе се вртат кон новите медиуми на крајот од овој материјал е поместено цело поглавје посветено на дискусиите на интернет. Македонскиот кибернетски простор стана Cloaca Maxima на јавниот дискурс и низ него, во суштина, можат да се следат реалните одекнувања од пораките што се испраќаат преку најзастапените медиумите и од официјалната јавна сцена.

Оваа книга нема амбиција да го исцрпи бунарот на бедата на македонскиот јавен дискурс, ниту, пак, има амбиција сите поместени примери да ги маркира како говор на омраза. Тука ќе најдете и стереотипи, и пропагандна техника и лични вербални напади, кои не спаѓаат во говор на омраза, ама, сепак, или претставуваат насилен говор или се обични дисквалификации насочени кон уривање на правото на изразување на одредена личност или, пак, група. Од тој аспект, оваа книга има за цел да предупреди дека нивото на јавната дискусија во Македонија е на опасно ниско ниво и дека под тоа ниво, веројатно, останува само голото насилство како комуникациско средство.

Оваа книга функционира само како еден документ, кој преку фрагменти за состојбата на јавниот говор во Македонија во една одредена временска отсечка 1.1.2009 – 31.12.2009 година се обидува да предупреди дека нивото на јавната дебата е проблематично и претставува ограничувачки фактор во остварувањето на човековите права во земјата. И пред овој период во Македонија постоел ваквиот говор и по овој период ќе постои. Но, секогаш треба да се има на памет дека говорот на омразата и говорот на насилството некогаш зборуваат со јазикот на љубовта... Љубовта кон водачот, кон татковината, кон семејството, кон децата... И тој говор, исто така, е застапен во оваа книга.

Пред секое поглавје ќе дадеме минимален контекст во кој се продуцирал материјалот што е пред вас, а потоа следуваат извадоци од медиумски материјали и тоа во форма во која се објавени во медиумите или, пак, на интернет или, пак, е верен транскрипт на изреченото во ТВ-емисии. Текстовите се предадени во изворна форма, така како што се напишани. Ова особено важи за материјалот што е собран од блогови и од „фејсбук“. Тој материјал ја следи структурата на веб-страница и на прв поглед може да изгледа збунувачки, особено што огромен дел од коментарите се напишани на латиница. Латиничните коментари се оставени намерно и како сведоштво за очајното ниво на писменост на тие што ги напаѓаат другите за уништување на македонскиот идентитет. Пред транскриптите на емисиите стои ознака за часот и минутата во која почнува делот што е извлечен во транскриптот.

# ПРАВИЛА НА ГОВОР НА ОМРАЗА ВО МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

Тоби Мендел | Извршен директор

Заклучоците извлечете ги сами.

**ЦЕНТАР ЗА ПРАВО И ЗА ДЕМОКРАТИЈА**

**Февруари, 2010 година**

## I. ВОВЕД

Прашањето за таканаречениот говор на омраза, односно за тоа кој говор треба или би требало да се забрани врз основа на тоа што поттикнува омраза кај другите е, всушност, предмет на многубројни расправи и полемизирања на глобално ниво иако стандардите за тоа во меѓународното право се, всушност, многу развиени. Меѓународното право не само што дозволува туку, всушност, тоа и бара државите да забранат одреден говор врз основа на тоа што го поткопува правото на другите за еднаквост или за слобода од дискриминација, а понекогаш и врз основа на тоа дека е потребно да се заштити јавниот ред.

Промовирање суштинска еднаквост меѓу луѓето, како и слобода од дискриминација е основната идеја на човековите права и токму тоа е и првиот член од Универзалната декларација за човековите права (УДЧП) усвоена од Генералното собрание на ОН во 1948[1] година, кој гласи: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и во правата“. Вториот член од оваа декларација се залага за еднакво уживање на гарантираните права и слободи, „без разлика во поглед на расата, бојата на кожата, полот...“ и уште неколку други членови што се однесуваат конкретно на еднаквото уживање различни права[2].

1 Резолуција 217А (III) на Генералното собрание, 10 декември 1948 година.
2 Членот 7 го уредува правото за еднаквост пред законот, членот 10 го уредува правото на јавно

Во ова поглавје ќе ги разгледаме стандардите на меѓународното право што се однесуваат на говорот на омраза и како се толкувани од страна на меѓународните судови.

## II. МЕЃУНАРОДНИ ОДРЕДБИ ЗА СЛОБОДА НА ГОВОР И ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА

Правото на слобода на говор е основно човеково право, кое како такво е составен дел од сите поголеми системи за човекови права и на државниот устав. Истовремено, тоа не е апсолутно право и може да се ограничи на заштитата на најважните јавни и приватни интереси, вклучувајќи ги тука и еднаквоста и јавниот ред. Меѓународното право содржи одреден број одредби што формираат една основа за балансирање на слободата на говор наспроти другите интереси во конкретниот контекст на говорот на омраза.

Членот 19 од УДЧП го гарантира правото на слобода на говор како и „правото да бара, прима и да шири информации и идеи со кои било средства и без оглед на границите“.

Можеби е изненадувачки што во УДЧП нема конкретна забрана на говор на омраза или поттикнување омраза имајќи го предвид тоа што барем делумно изразува глобална реакција на насилствата од Втората светска војна. Меѓутоа, членот 7 утврдува еднаква заштита на сите од каков било вид дискриминација при прекршување на Декларацијата, а, исто така, и заштита од поттикнување дискриминација.

Првиот меѓународен договор што се однесува токму на говорот на омраза е Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (КЕРД) усвоена од Генералното собрание на ОН во 1965[3] година. Нејзините одредби не само што се први што се однесуваат на говорот на омраза туку се и најдалекусежни.

Веројатно е корисно да се направи поделба на четири различни аспекти на обврските на говорот на омраза според КЕРД, кои се дел од членот 4(а)[4]:

1. Ширење идеи базирани на расна супериорност
2. Ширење идеи базирани на расна омраза
3. Поттикнување расна дискриминација
4. Поттикнување дела на расно мотивирано насилство.

Со членот 4(в) им се забранува на јавните власти или на јавните установи да помагаат или да поттикнуваат расна дискриминација илустрирајќи го тоа преку примери на учество на државните службени лица и органи во расистички дејства.

Иако фокусот на КЕРД е расната дискриминација, таа не гарантира право на слобода на говор. Меѓутоа, членот 4 бара која било мерка преземена за спроведување на тоа право да биде во согласност со принципите на УДЧП и на членот 5 од КЕРД, што овозможува еднаквост пред законот во уживањето на голем број права, вклучително и на правото за слобода на говор[5].

Во членот 19(2) од Меѓународната повелба за граѓански и за политички права (МПГПП) усвоена од Генералното собрание на ОН во 1976[6] година, кој гарантира право на слобода на говор, се вели:

> Секој има право на слобода на говор, како и на слобода да бара, прима и да шири информации и идеи од сите видови и без оглед на границите, било да е тоа во усна, писмена, печатена или уметничка форма или на кој и да е начин по слободен избор.

Членот 19(3) од МПГПП утврдува извесни ограничувања на слободата на говор кога тие се: а) определени со закон; б) за заштита на еден од наведените правни интереси; и в) потребни за заштити на тој интерес.

МПГПП ги обврзува договорните држави да го забранат говорот на омраза во малку поинакви услови од тие што се наведени во КЕРД. Според членот 20(2):

> Секое пристапување кон национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување дискриминација, непријателство или насилство е забрането со закон.

Трите регионални договори за човекови права: Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)[7], Американската конвенција за човекови права (АКЧП)[8] и Африканската повелба за заштита на човекот и на народите (АПЗЧН)[9] гарантираат право на слобода на говор според членот 10, членот 9 и членот 13. Нивните одредби се во голем дел слични на тие во МПГПП.

Можеби изненадувачки, меѓутоа само АКЧП јасно утврдува забрана на говорот на омраза, според членот 13(5), кој вели:

---

судење, а членот 21(2) го уредува правото за еднаков пристап до јавните услуги.

3 Резолуцијата 2106А (XX) на Генералното собрание усвоена на 21 декември 1965 година, влезе на сила на 4 јануари 1969 година. Заклучно со 11 февруари 2010 КЕРД ја поддржале вкупно 173 држави и уште дополнителни 7 кои се јавуваат како нејзини потписници.

4 Во Општиот коментар бр.15 на 23 март 1993 година Комитетот на КЕРД прави поделба на четири категории.

5 Членот 5(г) (vii).

6 Резолуција 2200А (XXI) на Генералното собрание усвоена на 16 декември 1966 година, влезе во сила на 3 јануари 1976 година. Заклучно со 11 февруари 2010 година МПГПП ја подржале вкупно 165 држави и уште дополнителни 7, кои се јавуваат како нејзини потписници.

7 Усвоена на 4 ноември 1950 година, влезе во сила на 3 септември 1953 година.

8 Усвоена на 22 ноември 1969 година, влезе во сила на 18 јули 1978 година.

9 Усвоена на 26 јуни 1981 година, влезе во сила на 21 октомври 1986 година.

Секоја пропаганда за војна или пристапување кон национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување бес-правно насилство или друго нелегално дејство против лице или група лица на каква било основа или врз основа на расата, бојата на кожата, религијата, јазикот или националното потекло ќе се смета за прекршок што се казнува според закон.

## III. ВРСКАТА МЕЃУ ЧЛЕНОВИТЕ 19 И 20 ОД МПГПП

Јасно е дека членовите 19(3) и 20(2) од МПГПП се во потенцијална тензија, па дури и во конфликт еден со друг и токму поради ова е посветено поголемо внимание на нив за време на процесот на изработувањето[10]. Тие беа одделени бидејќи членот 19 гарантира слободата на говор и забранува ограничувања на тоа право, додека, пак, членот 20(2) обврзува на ограничување на говорот. Како и да е, беше решено и понатаму да стојат еден до друг со цел да се нагласи нивната поврзаност.[11]

Комитетот за човекови права на ОН (КЧП), тело составено од стручњаци, чијашто должност е толкување на МПГПП, нагласи дека член 20(2) е компатибилен со членот 19.[12] Како резултат на тоа секој закон што бара спроведување на одредбите од членот 20(2) не смее да ја премине дозволената граница на ограничувања на слободата на говорот утврдена со членот 19(3). И обратно, членот 19(3) мора да се толкува така што би се почитувале одредбите од членот 20(2). Пример за ова е случајот на *Рос против Канада*, за кој КЧП сметаше дека ограничувањето на расистичкиот говор мора да биде оправдано во однос на критериумот наведен во членот 19(3) од МПГПП.[13]

Интересно е прашањето дали членот 19(3) ќе дозволи ограничувања во говорот на омраза надвор од тоа што го бара членот 20(2). Теоретски, возможно е тоа што се бара од државите да го забранат за да обезбедат еднаквост да не е секогаш исто со тоа што не им е дозволено да забранат за одредена цел без да го повредат правото на слобода на говор. Истовремено, при изработувањето на членот 20(2) беше забележано дека има многу малку простор за дополнување на неговите одредби, а, сепак, да се почитуваат тие на членот 19. Предлозите за ограничување на членот 20(2) само на поттикнување на насилство беа отфрлени, како и предлозите за негово дополнување со, на пример, додавање „расна посебност“, која би се однесувала на слободниот говор.[14] Оттука може да заклучиме дека обврските од членот 20(2) се или идентични или премногу слични на тие од 19(3).

Случајот *Фаурисон против Франција* во кој КЧП беше повикан да ја процени осудата во согласност со законот, кој забранува какво било оспорување на постоењето категорија кривични дела против човештвото дефинирани со Нирнбершките принципи, фрла сенка на ова прашање. Според Евет, Крецмер и Клајн:

> Има околности во кои правото на човекот за слобода од поттикнување дискриминација врз база на раса, вера и национално потекло не е овозможено во целост само со еден прецизен и јасен закон за поттикнување, кој спаѓа точно во рамките на членот 20, параграф 2. Ова е случај кога... изјавите што не се во согласност со одредени правни критериуми на поттикнување може да се сфатат како составен дел од некој вид поттикнување против одредена расна, верска или национална група, или тие што се заинтересирани за ширење насилство и омраза присвојуваат софистицирани форми на говор, кои не се казниви според закон за расна омраза иако ефектот може да биде многу опасен како и тој од отвореното поттикнување, ако не и повеќе од тоа.[15]

Ова може да се сфати како повик за јасно и детално толкување на поттикнувањето во членот 20(2), заедно со препознавање специјални случаи каде што изјавите што не спаѓаат во рамките на неговото јасно толкување може и покрај тоа да бидат правно забранети затоа што во контекстот и заедно со други изјави тие, всушност, претставуваат поттикнување. Исто така, може да бидат сфатени како коментар на вистинското толкување на поттикнувањето, а не само како излегување од границите на членот 20(2). Како и да е, анализите потврдуваат дека членот 19(3) и членот 20(2) имаат многу допирни точки или се многу слични во правна смисла.

## IV. КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Меѓународното право, а особено правото на слобода на говор, налага ограничувања на тоа што може да биде забрането и окарактеризирано како говор на омраза. Во овој дел ќе се задржиме на трите клучни аспекти на говор на омраза, поточно намера, поттикнување и последици, кои се забранети дејства.

### IV.1 НАМЕРА

Членот 20(2) од МПГПП и членот 13(5) од АКЧП бараат пристапување кон омраза додека членот 4(а) од КЕРД не го бара тоа. Елементот на пристапување може да се сфати како потреба од намера така што се покриени само изјавите направени со намера за поттикнување омраза.

Важноста на намерата во кривичното дело на говор на омраза може многу добро да се прикаже преку

10 Види Bossuyt, M., *Guide to the "Travaux Préparatoires" of the International Covenant on Civil and Political Rights* (Dordrecht: Martinus Nijhoff Publishers, 1987), стр. 398-411.

11 *Ibid.*, стр. 406.

12 Општ коментар бр. 11: Забрана на пропаганда за војна или поттикнување на национална, расна или на верска омраза (членот 20), 29 јули 1983 година.

13 18 октомври 2000, Соопштение бр. 736/1997, параграф 11.1.

14 Bossuyt, Забелешка 10, стр. 404-405, 408.

15 8 ноември 1986, Соопштение бр. 550/1993, параграф 4.

еден случај од Данска. Во овој случај, Церсилд, кој е новинар по професија, е осуден за телевизиска програма што во себе содржела изјави на говор на омраза од страна на расистички екстремист иако целта на програмата, всушност, била да го разоткрие постоењето расизам во Данска. Комитетот за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (КЕРД) имаше поделени мислења и во својот извештај до Генералното собрание на ОН тврдеше дека:

Некои членови ја поддржале оваа одлука како најдобар доказ за тоа дека во која било држава правото за заштита од расна дискриминација е пред правото на слобода на говор. Другите, пак, сметале дека во вакви случаи е потребно да се разгледаат фактите од аспект и на двете права.[16]

Европскиот суд за човекови права мнозински, но не и едногласно донесе одлука дека осудата што ја донесе данскиот суд е кршење на правото на Церсилд за слобода на говор.[17] Судот го зема предвид и фактот што изјавите биле направени во контекст на сериозна програма со цел информирање на јавноста и решавање на социјалните и на политичките проблеми. Исто така, судот се потпре и на наодите дека целта на Церсилд не била да го помага расизмот, туку напротив, да го открие и да го анализира, тврдејќи:

Значаен фактор во процената на судот ќе биде и тоа дали предметот за кој станува збор, гледан во целина, објективно, имал за цел да пропагира расистички погледи и идеи.[18]

Истовремено, кај случајот *Фаурисон*, Евет, Крецмер и Клајн искажаа загриженост дека законот според кој авторот на жалбата беше осуден „не ја поврзал одговорноста со намерата на авторот“.[19] Како и да е, врз основа на фактите, Комитетот донесе одлука дека Фаурисон бил мотивиран од желба за поддршка на расизам и оттука пресудата во овој случај е легитимна.[20]

Земајќи ги предвид овие случаи, недостигот од намера во КЕРД претставува јасен и проблематичен конфликт со правото на слобода на говор.

## IV.2 ПОТТИКНУВАЊЕ

Членот 7 од УДЧП, членот 20(2) од МПГПП и членот 13(5) од АКЧП се однесуваат на поттикнувањето. Две од четирите поважни одредби во членот 4(а) од КЕРД се однесуваат на поттикнување, додека другите две се однесуваат на забрана на ширење одредени идеи, посебно тие што се однесуваат на супериорност и на расна омраза. Токму ова беше предмет на расправа кога беше дискутирано за членот 4 од КЕРД од страна на Генералното собрание на ОН и беше поднесен поднесок за бришење на овие одредби, но не беше изгласан.[21]

Прашањето за тоа што, всушност, се подразбира под поттикнување е многу комплексно и контроверзно. Високиот комесаријат за човекови права на ОН, на пример, изрази голема загриженост поради фактот што овој термин нема јасна дефиниција во меѓународното право.[22] Меѓународните судови разгледуваат голем број фактори при проценувањето дали се работи за случај на поттикнување фокусирајќи се на врската меѓу изјавите и последиците, доколку се работи за забранети дејства, како и на каузалноста и на контекстот.

16 Извештај на Комитетот на Генералното собрание, официјален записник, 45. седница, Дополнување бр. 18 (А/45/18), стр. 21, параграф 56.

17 *Церсилд против Данска*, 22 август 1994 година, Број на барање 15890/89. Судот ја констатира разликата во мислењето во рамките на Комитетот на КЕРД и сметаше дека неговата одлука беше компатибилна со КЕРД. Види параграф 21 и 30.

18 *Ibid., параграф 31.*

19 Забелешка 15, параграф 9.

20 *Ibid*., параграф 10. Види, исто така, и одлуката на Lallah, параграфи 6 и 9.

21 Види Lerner, N., *The U.N. Convention on the Elimination of all Forms of Racial Discrimination* (Alphen aan den Rijn, The Netherlands: Sijthoff & Noordhoff, 1980), стр. 46. 54 гласаа против нивно бришење, 25 за нивно бришење, а 23 беа воздржани.

22 Студија на Високиот комесаријат за човекови права на ОН составена од постојни закони и права што се однесуваат на клевета и на потценување на верите, UN Doc. A/HRC/9/25, 5 септември 2008 година, параграф 24.

# КАУЗАЛНОСТ

Повеќе од јасно е дека поттикнувањето некакво дејство не е исто што и негово извршување. Истовремено, меѓународните судови многу често бараат фактори поврзани со причинско-последичната врска кога проценуваат дали некој говор поттикнува омраза. Во случајот *Рос против Канада*, еден професор е отпуштен од работа поради неговите антисемитски изданија и изданија во кои го негира постоењето на холокаустот. Врховниот суд на Канада заклучил дека постои „затруена средина“ во рамките на Училишниот одбор и со тоа констатирал дека „најверојатно, со право се очекува оваа причинска-последична врска“ меѓу средината и изданијата на авторот.[23] КЧП донел одлука дека ова го задоволува неопходниот дел од критериумот за ограничување на слободата на говор и дека како резултат на тоа нема кршење на ова право.[24]

Во случајот *Ербакан против Турција* што се однесува на обвинувања за говор на омраза, Европскиот суд за човекови права најде кршење на правото за слободата на говор врз основа на тоа дека наведените изјави не предизвикале ризик од нанесување штета, тврдејќи:

> За време на судската постапка не беше утврдено дека наведените изјави предизвикале „ризик“ и „закана“ за општеството... ниту имале намера да бидат такви.[25]

23 *Ross v. New Brunswick School District No. 15*, [1996] 1 S.C.R. 825, параграф 101.
24 Забелешка 13, параграф 11.6.
25 *Erbakan v. Turkey*, 6 јули 2006, Application No. 59405/00, параграф 68. Неофицијален превод на оригиналниот француски: “il n’est pas établi qu’au moment de l’engagement des poursuites à l’encontre du requérant, le discours incriminé engendrait « un risque actuel » et un danger « imminent » pour la société (paragraphe 48 ci-dessus) ou il était susceptible de l’être.

Меѓутоа, како што истакна и Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда (МКТР) во својата процена на меѓународните случаи на говор на омраза во случајот *Нахимана,* често меѓународните судови не ги разгледуваат случаите од директна причинско-последична перспектива: „Прашањето што се разгледува е какво може да биде влијанието со оглед на тоа дека каузалноста во овој контекст може да биде релативно индиректна“.[26] Оттука, во случајот *Фаурисон*, КЧП истакна дека наведените изјави „беа од таква природа да ги развијат или засилат антисемитските чувства“.[27]

Серијата тврдења дека обвинувањата за говор на омраза претставуваат кршење на правото за слобода на говор беа отфрлени од Европската комисија и од Судот за човекови права како недозволиви, фокусирајќи се на влијанието. Мал број аргументи беа доставени во овие случаи за да го поткрепат наведеното влијание. Место тоа, Комисијата и Судот решија дека изјавите за кои станува збор се расистички и дека би можеле да ги поткопаат и другите права, поточно правото на еднаквост.[28] Во некои случаи Комисијата или Судот се повикуваат на веројатноста дека наведените изјави охрабруваат антисемитизам.[29] Во други случаи, пак, беше истакнато негативното влијание на изјавите за основните цели на Конвенцијата за правда и за мир.[30]

26 *Prosecutor v. Nahimana, Barayagwiz and Ngeze*, 3 декември 2003, ICTR-99-52-T (Trial Chamber), параграф 1007.
27 Забелешка 15, параграф 9.6.
28 Види *Glimmerveen and Hagenbeek v. Netherlands*, 11 октомври 1979, Application No. 8406/78; *Kühnen v. Germany*, 12 мај 1988, Application No. 12194/86; *B.H., M.W., H.P. and G.K. v. Austria*, 12 октомври 1989, Application No. 12774/87 (*B.H., M.W., H.P. and G.K.*); *Ochensberger v. Austria*, 2 септември 1994, Application No. 21318/93; *Nationaldemokratische Partei Deutschlands, Bezirksverband München-Oberbayern v. Germany*, 29 ноември 1995, Application No. 25992/94; *Remer v. Germany*, 6 септември 1995, Application No. 25096/94; and *Garaudy v. France*, 7 јули 2003, Application No. 65831/01.
29 Види *Kühnen* and *Garaudy*.
30 Види *Remer*, *Nationaldemokratische Partei Deutschlands* and *Garaudy*.

Причинско-последичната врска или потенцијалните стандарди што имаат некакво влијание во овие случаи се слаби, а тоа претставува проблем, кој само може повеќе да се влошува поради самата природа на целите што ги заштитува, како на пример правда, мир или слобода од омраза. Оттука, во случајот *Рос*, стандардот беше „веројатно со право очекувано“, а во случајот *Фаурисон* „од природа да ги развијат“, додека, пак, во други случаи не беа споменати никакви конкретни стандарди.

# КОНТЕКСТ

Контекстот е од најголема важност за проценување дали одредена изјава може да поттикне омраза и во себе да содржи и намера и последица, па оттука и најголем број од случаите на говор на омраза се потпираат токму на контекстуалните фактори. Во случајот *Фаурисон*, на пример, КЧП наведе изјава од „тогашниот министер за правда, која се карактеризира со негирање на холокаустот како основен двигател на антисемитизмот“. Во врска со оваа изјава се огласија и Евет, Крецмер и Клајн, тврдејќи:

> Не смее да биде отфрлена идејата дека во денешни услови во Франција негирањето на холокаустот може да содржи елементи на поттикнување антисемитизам. Ова е последица не само на оспорувањето на веќе добро познати историски факти потврдени од страна на историчари со различно потекло и убедувања, како и од меѓународните и домашните трибунали, туку и на контекстот, во кој, под превезот на објективно научно истражување, е наведено дека жртвите на нацизмот се одговорни за лажните фабрикувања и дека приказните за нивното жртвување се мит и дека гасните комори во кои беа убиени толку многу луѓе се само „имагинација“.[31]

Слично на тоа, во случајот *Рос* КЧП, во согласност со одлуките на национално ниво, беше многу чувствителен во однос на фактите што се однесуваа на тоа дека авторот е наставник:

> Во овие услови, Комитетот потсетува дека остварувањето на правото на слобода на говор со себе носи посебни обврски и одговорност. Овие посебни обврски и одговорност се од особена важност во рамките на образовниот систем, особено кога станува збор за работа поврзана со учење млади луѓе.[32]

31 Забелешка 15, параграф 6.

Два случаја од Турција во кои станувaше збор за слични ситуации беа различно решени од страна на Европскиот суд врз основа на контекстот.[33] Во случајот *Зана*, Судот не најде никакво кршење на законот за слобода на говор за да ја осуди Турција врз основа на тоа дека тужителот „застапува дејство што е казниво според закон како сериозен престап“ и „ја загрозува јавната безбедност“.[34] Судот ги зема превид контекстуалните фактори, како на пример тоа дека тужителот е поранешен градоначалник на град во југоисточна Турција и дека изјавите „се совпаѓаат со смртоносните напади“ во таа област.[35] Во случајот *Инкал*, Судот прогласи кршење на правата на слобода на говор тврдејќи дека: „околностите на овој случај не може да се споредат со тие од случајот *Зана*. Оттука, Судот не наоѓа ништо што би можело да потврди дека г. Инкал на каков било начин е одговорен за проблемите со тероризмот во Турција, односно поконкретно, во Измир“.[36]

## IV.3 ПОСЛЕДИЦИ, КОИ СЕ ЗАБРАНЕТИ ДЕЈСТВА

Различни меѓународни правила се однесуваат на забрана на изјави што доведуваат до различни последици, кои се забранети дејства. Членот 13(5) од АДЧП е ограничен само на поттикнување насилство или слични нелегални дејства. Членот 4(2) од КЕРД и членот 20(2) од МПГПП одат подалеку и дополнително ги покриваат поттикнувањето дискриминација и омраза (или непријателство). Членот 4(а) од КЕРД оди уште подалеку, односно ги забранува сите идеи базирани на супериорност.

32 Забелешка 13, параграф 11.6.
33 Државата сметаше дека случаите се слични. Види See *Incal v. Turkey*, 9 јуни 1998, Application No. 22678/93, параграф 44.
34 *Zana v. Turkey*, 25 ноември 1997, Application No. 18954/91, параграф 26.
35 *Ibid*., параграф 59. Види праграфи 58-60.
36 Забелешка 33, параграф 58.

Две од овие последици, кои се забранети дејства, поточно насилството и дискриминацијата, се (нормално) нелегални дејства и оттука овие правила се само дел од генералното правило со кое се забранува поттикнување кривични дела. Од друга страна, пак, според КЧП и КЕРД, омразата повеќе е состојба на умот отколку специфично дејство. Понатаму, омразата претставува еден вид мислење и како таква е апсолутно заштитена со меѓународното право. Освен тоа, иако има држави што упорно се противат на идејата за забранување на поттикнувањето омраза,[37] поголем број држави го прифаќаат стандардот на меѓународното право. Ова е делумно поради тоа што омразата сигурно ќе најде некоја форма на манифестација и групите не треба да чекаат конкретни дејства за да се извршуваат врз нив, па тие да се повикаат на правото на заштита.

Можеби е изненадувачки тоа што постои очигледен недостиг од материјал во официјалните документи и судски одлуки за тоа што, всушност, се подразбира под „омраза“.[38] Препораките на Советот на Европа за говорот на омраза имплицитно ја дефинираат „омраза“ како:

> Терминот „говор на омраза“ се однесува на сите форми на говор што шират, поттикнуваат, промовираат или поддржуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза базирани на нетолеранција, дискриминација и на насилство против малцинствата, емигрантите и доселениците.[39]

Оваа дефиниција е во голема мера тавтолошка, но и покрај тоа обезбедува неколку ставови што може да помогнат да се поткрепи значењето на термините омраза, односно „ксенофобија“, „антисемитизам“, „нетолеранција“, „агресивен национализам“, „етноцентризам“ и „дискриминација“.

37 Посебно Соединетите Американски Држави.
38 Високиот комесаријат за човекови права на ОН изрази загриженост поради ова. Види Забелешка 22.
39 Додаток, во Обем.

Во случајот *Нахимана*, МКТР го дефинира говорот на омраза како „правење стереотипи на етничките групи заедно со нивно омаловажување“.[40] Како и да е, и двата термина - „стереотип“ и „омаловажување“ се многу еластични и понатаму може само да наметнат еден прилично низок стандард. Негативниот и позитивниот стереотип се сосема легитимни и, сигурно, не би требало да биде забрането тоа што во многу земји е обичај да се прикажува во комедиите.

Во случаите на говор на омраза КЧП, Европската комисија и Судот се фокусираат повеќе на тоа дали изјавите се со расистичка природа или дали ги повредуваат правата на другите отколку на дефиницијата за омраза.[41]

Забележани се голем број научни обиди, чијашто цел била да се оддели говорот на омраза од едноставно навредливиот говор. Едно решение е да се оддели говорот што има за цел ширење идеи, вклучувајќи го тука навредливиот говор што е заштитен и погрдниот говор, кој е насочен кон човечките битија и кој може и да не е заштитен.[42] Во случајот *Гиниевски против Франција*, Европскиот суд за човекови права го поддржа овој пристап тврдејќи дека наведениот говор не претставува само напад на религијата туку во еден дел претставува и судир на идеи (‘dèbat d’idèes’).[43]

## V. ЗАКЛУЧОК

Постојат значајни разлики во однос на обемот и на урамнотежувањето на правата меѓу различни меѓународни правни режими. Ова создаде проблеми за меѓународните судови и за другите органи задолжени за толкување на стандардите за човековите права и токму тоа доведе до забуна за тоа што, всушност, се подразбира под терминот говор на омраза. Дури и таму каде што правните правила се јасни и разбирливи, како што е случајот со МПГПП, толкувањето претставува проблем. Ова посебно се однесува за терминот „поттикнување“, кој е стандарден дел од говорот на омраза.

И покрај сè, можеме да извлечеме неколку заклучоци. Изјавите што се направени без намера да ги поттикнат другите на омраза не треба да се сметаат за говор на омраза. За поттикнување е потребно да постои блиска врска меѓу изјавата и ризикот од нанесување штета, на пример кога е тоа докажано со последицата или влијанието. Сепак, не само конкретни (и нелегални) дејства како што се дискриминација и насилство се сметаат за единствена признаена штета. Доволно е изјавите да ги поттикнат другите на омраза, дури и ако тие не преземат дејства предизвикани од тие изјави.

40 Забелешка 26, параграф 1021.
41 Види Oetheimer, M., “Protecting Freedom of Expression: The Challenge of Hate Speech in the European Court of Human Rights Case Law” (2009) 17 *Cardozo Journal of International and Comparative Law* 427, стр. 429.
42 Види, на пример, Gaudreault-DesBiens, J., “From Sisyphus’s Dilemma to Sisyphus’s Duty? A Meditation on the Regulation of Hate Propaganda in Relation to Hate Crimes and Genocide” (2000) 46 *McGill Law Journal* 121, стр. 135.
43 31 јануари 2006 година, Број на барање 64016/00, параграф 50.

## ПИСМОТО – МАЈКА НА СИТЕ БИТКИ

*Не постои подобар начин да се почне книгава од писмото на премиерот Груевски до своите сопартијци, нема подобра илустрација за тоа кои вредности ги делиме со современата цивилизација (како што самиот Груевски му објасни на стаписаниот новинар на Си-Ен-Ен, Квест, кому му се исцеди само едно – Зар?). Духот на премиерската епистола претставува фантастично заокружување и самообјаснување на комуникациската канализација во која живееше Македонија. Тука има само НИЕ и ТИЕ. Тука има повици на битки со „остатокот на транзицијата“, една каучук, контејнер категорија, која допрва треба да се полни. Ова е македонскиот говор на македонскиот газеместан, ова е нашата Садамова – Мајка на сите битки. Што е тука проблемот? Ајде ќе се обидеме да ви одговориме со цитат од писмото*

*„Сè би било во ред доколку ваквите процеси се во рамките на регуларната политичка борба во демократијата.*

*Сè би било во ред доколку ние денес не се соочуваме со политичка гарнитура чии методи на практикување на власта ни се добро познати од минатото а негативните резултати кои ги оставија зад себе сите заедно ги почувствувавме“ (Никола Груевски, писмо до членството на ВМРО-ДПМНЕ)*

*Кога од највисока позиција се промовира нетолеранција, се поттикнува на судир и раздор на социјалното ткиво се дава сигнал дека сè е дозволено.*

*Еве ја епистолата во целост.* ▶▶

Драги браќа и сестри,

Почитувани пријатели и сопартијци,

Во изминатите години ВМРО-ДПМНЕ со силните заложби  на целокупната партиска структура со силно темпо започна да чекори по патот на демократијата и подобар живот.
Имавме јасна визија за иднината на нашата Татковина и бевме решени да се исправиме пред тогашната власт на СДСМ и искривените вредности со кои тие владееа!

Имавме сила да влеземе во коштец со проблемите и катастрофалните состојби кои тие ги оставија зад себе!

Имавме конкретна програма ,проекти и идеи за развој на државата.

Се консолидиравме и започнавме со работа!

Работевме,храбро,жестоко и посветено!

Работевме  напорно и чесно,затоа што знаевме што сакаме и во што веруваме и бевме решени да ја оствариме македонската преродба.

Таквиот пристап ни ја донесе големата победа на парламентарните избори 2006 година.

На дадената доверба од граѓаните возвративме со многу труд,со афирмирање на позитивни вредности,со чесност,со посветеност и со огромна енергија што поскоро да и се стави крај на повеќедецениската мачна транзиција.

Покажавме дека се може поинаку, а граѓаните тоа го препознаа  и во уште поголем број ја валоризираа политиката на ВМРО-ДПМНЕ на парламентарните избори 2008,како и на локалните избори во 2009 година.
Ние на таквата реалност возвраќаме со уште поголем напор и со зголемена одговорност за просперитетна иднина на македонската држава и граѓани.

Свесни сме дека проблеми сеуште има.Живееме во време на  историски една од најголемите глобални светски кризи.Време кога проблемите и тешкотиите со кои се соочуваат луѓето ширум светот се мултиплицираат.
Време кога дури и најразвиените држави во светот се соочуваат со пропаѓање на крупни компании,банки и стопански субјекти,време кога илјадници луѓе ширум светот остануваат без работа,време кога светските општества запаѓаат  во длабока криза по сите основи.

Македонија како нераздвоен дел од економските односи во светот ги чуствува последиците од светската економска криза.Иако успеавме истите да ги сведеме на не толку големо ниво споредбено со другите држави во светот,сепак последиците од кризата во нашата држава донесоа дополнителни проблеми за македонските граѓани,ја одложија реализацијата на многу корисни проекти,ја намалија моќта на институциите за влегување во костец со проблемите.Свесни се дека проблемите се бројни и сериозни,а одговорноста за нивно надминување е голема.Вашите проблеми ги чуствуваме како наши и со голем елам работиме да ги надминеме.Но знаеме и свесни сме дека нема враќање назад,дека мора да работиме на исправање на грешките направени во минатото,но и на нашите пропусти и грешки,онаму каде што ги имаме.Дека мораме да работиме за надминување на последиците од светската економска криза.Ние знаеме дека проблемите се таложени со години,но и оние кои дополнително се појавија,не се безначајни и дека до подобриот живот треба да се вложи огромна енергија, но знаеме дека друг избор немаме и дека мораме да останеме доследни исполнувајки ги дадените ветувања. Дека мораме повторно Македонија да ја вратиме на патот на засилениот економски развој кој го започнавме. Да ја вратиме Македонија на патот на севкупниот прогрс и позитивни резултати.

Во ова комплексно време за сите нас,ВМРО-ДПМНЕ се соочува и со дополнителни политички предизвици.

Денес на македонската политичка сцена повторно се враќаат транзиционите политичари од минатото,искривените вредности кои тие ги промовираат и старите добри испробани методи кои ги применуваат .Во претходните политички циклуси тие беа политички поразени,но не исчезнаа!

Денес тие повторно се обидуваат да се наметнат како  политичка алтернатива пред македонските граѓани со веќе видените недемократски  методи и практики. Денеска  тие повторно се обидуваат да ги злоупотребат проблемите кои во моментот се соочуваат граѓаните и државата,за свој личен политички профит.

Се би било во ред до колку ваквите процеси се во рамките на регуларната политичка борба во демократијата.

Се би било во ред доколку ние денес не се соочуваме со политичка гарнитура чии методи на практикување на власта ни се добро познати од минатото а негативните резултати кои ги оставија зад себе сите заедно ги почуствувавме.

Се би било во ред доколку не се соочуваме со политичка гарнитура на која потребата од власт и е единствена потреба и цел.

Ваквата зависност ги прави подготвени на секакви сценарија со кои  се настојува да се дикредитираат и срушат сите позитивни придвижувања, проекти,вредности и реформи за чија реализација макотрпно работевме.

Токму затоа почитувани сопартијци,ваквите состојби за нашата политичка партија преставуваат отворање на уште еден,можеби најважен фронт на политичка битка.Тоа е аларм за уште поголема посветеност и зголемување на енергијата во работењето и политичкото делување.

Време е да го мобилизираме целокупното наше членство,сите наши партиски структури и поединци,се до последниот човек во нашите месни комитети.

Време е да ја започнеме последната битка со остатокот од транзицијата и нејзините политичари.

Време е за последната битка со политичарите кои зад себе оставија пустош и беда и кои во нашата држава ја донесоа малодушноста,криминалот,лагата и искривените вредности.

Време е да ги пресретнеме нивните обиди да го дискредитираат она што го започнавме.

Време  е да ги спречиме нивните обиди повторно да ги земат под заложништво македонските граѓани и нашата Татковина.

Време е да ги одбраниме сите проекти по кои не препознаваат нашите граѓани.

Време е да го зачуваме сето она што ја постави Македонија на вистинскиот пат на развојот,напредокот достоинството.

Време е да опстоиме на нашите принципи,вредности и посветеност,време кога ништо не смее да не одврати од патот по кој започнавме да чекориме

Помина времето на преценети идеолози и лажни митови.

Помина времето на лагата и очајот.

Потребно е заеднички и обединето да ги насочиме силите.Уште посилно да продолжиме да чекориме за да заеднички ги надминеме последиците од светската економска криза и да ја вратиме македонија по патот на прогресот, покажувајки храброст,единство,посветеност и одлучност.

Потребен ни е нов пробив со кој ќе ја победиме малодушноста,криминалот, лагата и ќе продолжиме со доследно и одговорно остварување на темелните цели и интереси  на Македонија.

Потребно е да продолжиме со отварувањето на развојот, напредокот, сигурноста и заедништвото.

Започна последната битка со остатоците на македонската транзиција и со оние појави произведени од нејзиниот систем,појави на лажни погрешни вредности во целиот систем,а нашата генерација на политичари ја носи честа и одговорноста да биде нејзин носител!

Овој допис до вас драги пријатели,а наш апел за мобилизација на сите оние што не подржуваат,на сите оние,кои се подготвени да дадат свој придонес во оваа наша битка,за нашата заедничка кауза и визија,на сите оние кои се подготвени заедно со нас да го и последниот атом од својата енергија за нашата Македонија,за се она во што веруваме!

Чесност,посветеност,работливост,толеранција,знаење,професионалност, успех!

Правда,слобода,еднаквост,надеж,верба,љубов!

Заради долгот кон нашите  предци и иднината на нашите деца!

Ова е повик сите ние сплотени да тргнеме напред,да ги збиеме сопствените редови и да се спротиставиме на се она што е спротивно на нашите принципи и верувања!

Ова е повик за наше сопствено вклучување,затоа што вие сте тие на кои ние сметаме!

Ова е повик за мобилизација на Македонија!

За европска и просперитетна Македонија!

За нашата Македонија! Каква што сите ние ја сакаме!

Да живее ВМРО-ДПМНЕ!

ДА ЖИВЕЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

Со почит,

Никола Груевски,
Претседател на ВМРО-ДПМНЕ

# АРИЕВЦИТЕ ОД ТЕТОВО

Како илустрација за тоа дека во Македонија говорот на омразата постоел и пред опсервираниот период, но и како илустрација на овој говор во најчиста форма ви го предаваме случајот на нападот врз новинарот Исо Руси од страна на ДПА. Во него има сè – лична дисквалификација, шовинизам, расна супериорност, „љубов“ кон сопствениот етнос... Како да излегол во Дер Штурмер во 1933 година.

15.05.07

## Исо Руси повторно се враќа со гнасотиите!

Во една негова колумна, објавена во весникот “Коха“ – Исо Руси изртувајќи ги тезите се обидува да ја анализира ДПА, посебно нејзиниот заменик-претседател Г. Мендух Тачи, во врска со ставот на ДПА околу законот за верите. За да биде појасно зошто неговиот мозок (?) секогаш мисли на овој одвратен начин да се потсетиме накратко кој е Исо Руси?

Исо Руси е еден типичен експериментален плод (во биолошка смисла) на старата југословенска УДБ-а која секаде низ просторите на бивша Југославија создаваше парови за да раѓаат луѓе кои тогашната пропаганда ги нарекуваше “новиот социјалистички човек“, “новиот југословенски човек“, “човекот на...“ но народот ги упростуваше овие термини нарекувајќи ги просто – копилиња! Овие значи копилиња, од сојот на Исо Руси требало да бидат без идентитет, без вера, секогаш во функција на лошото и особено со посебен акцент да војуваат против албанските вредности и личности. И со расформирање на бивша Југославија ни е “предодредено“ едно такво копиле да го имаме и ние на овие простори.

Имајќи го предвид тоа што го кажавме погоре, Исо Руси нема како да мисли и да делува поинаку. Свесен дека од национален аспект нема како да ни продава памет имајќи предвид дека е “хибрид“ – сега се фрли и го анализира законот за верите и ги искривува (свесно!) тезите на заменик-претседателот на ДПА г. Тачи дека тој ти бил “против донесувањето на овој закон“ (?!). Ова “копиле“ или “нов човек...“ со ова сака да ја претстави ДПА и посебно г. Тачи во спротивни позиции со Нато, САД и др. Велат дека магарето бргу заборава, додека пак камилата памти. Да го потсетиме Исо Руси (затоа што заборава) дека на 30 јануари 2006 година при едно јавно изјаснување пред јавните медиуми г. Тачи како прв политичар, јавно истакна дека “...никој нема право да има монопол врз верите и дека право на секој граѓанин е да се одлучи и за неговите верски убедувања...“. Со други зборови, г. Тачи и преку него ДПА како и секогаш без опортунизам меѓу првите бил “про“ овој закон “про“ ова елементарно човеково право што не само од формален аспект туку и од правен аспект да имаат право. Овие прогресивни ставови на г. Тачи и кон оваа проблематика ги знаат и ги акцептираат не само Албанците, туку и граѓаните од другите етноси, САД, Нато и ЕУ, освен радикално екстремистичките елементи викани како “бради“, вехабистите и другите од оваа врста. И овој биолошки експеримент на УДБ Исо Руси како човек без национален идентитет и без вера, но секогаш во функција на деструктивноста се става во одбрана на овие вехабисти или “бради“ и ги искривува јавните ставови на г. Тачи и преку него и ставовите на ДПА. О Руси, ниту ти и ниту продуктите како тебе не ќе можете да ја претставите ДПА и лидершипот на оваа партија на анти-американски и анти-Нато ставови. Јавно се знае дека ставовите на Г. Тачи и преку него и на ДПА се потврда на вистинските демократски вредности чиј вистински експонент е самата САД, Нато и ЕУ.

Ти, Руси и “брадите’ околу тебе како Седат Рамадани, Рамадан Рамадани, Беќа и др. нема да имате мирен “сон“ не само од лидершипот на ДПА туку и од секој активист на оваа партија. Да бидете сигурни, сѐ додека биде и последниот активист од оваа партија вие НИКОГАШ не ќе можете да “процветате“ на овие простори. Ние сме многу, ден за ден стануваме и повеќе и на сметот како вас нема да му дозволиме да ја извалкаат нацијата и да ги напаѓате нашите историски стратешки сојузници како што се САД и НАТО.

*Тетово*
*СЛУЖБАТА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ДПА*

# ГЕМ ВО СТРУГА – ВЕЧЕР НА ЦРНИТЕ КАЧУЛКИ

Прекинувањето на трибината на ГЕМ е првиот настан во поновата историја на Република Македонија во кој, со употреба на насилни методи на некоја група луѓе ѝ е оневозможено јавно искажување став. Вакво нарушување на правото на слободата на изразување, преку организиран упад на организирана група насилници, всушност, ги покажа потенцијалите за мобилизација на протофашистичкиот талог на општеството во политички цели и неговата способност за ограничување на основните човекови права. Цинизмот на државата се гледа и во официјалната обработка на настанот од страна на органите на прогонот – полицијата и обвинителството, кои за настанот поднесоа прекршочни пријави за дел од лицата што упаднаа на трибината, но и за обични граѓани што присуствуваа таму. Тоа требаше да создаде впечаток во јавноста дека се работи за судир на две групи граѓани, при тоа изедначувајќи ја одговорноста и на едните и на другите. Струга, во суштина, беше генерална проба за тоа што ќе следува неполн месец подоцна – случајот со насилното прекинување на јавниот протест на плоштадот против изградбата на верски објекти. Целокупното сценарио тестирано во Струга, потоа ќе се појави во понасилна форма на плоштадот и при тоа реакцијата на државните институции ќе остане иста.

Прекинувањето на трибината на ГЕМ во Струга во официјалниот јавен дискурс во Македонија беше речиси во целост пречекано со осуда, но затоа, пак, т.н.р форми на јавно изразување на мислење преку коментари на текстовите на интернет и преку блоговите претставуваа експлозија на цинизам, превртување тези и одобрување на прекинувањето на настанот. Затоа ви пренесуваме дел од тие „бисери“ на циничната пропагандна машинерија, која пост фестум требаше да ги оправда насилниците со црни капчиња и дури и да ги претстави како херои, кои, всушност, се пресметале со „изродите“ кај сопствениот народ.

Постои една неверојатна врска меѓу писменоста и грижата за сопствената нација и затоа коментарите ви ги пренесуваме во неизменета форма, комбинација на кирилица и на латиница, „стилска“ слобода и креативен пристап кон граматиката.

# Коментари по весници

**Повод** – Текст на Никола Гелевски за прекинување на трибина на Граѓани за европска македонија во Струга.
**Утрински весник 24 февруари 2009**
(http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=44EF9E76BF36F64B8A36603DD0C2EEF1)

Од: Православна Македонийа

Датум: 24.02.2009 04:21:55

Граѓаните на Македонија наскоро ќе ве истераат од сите трибини, од сите јавни настапи, се повеќе се решаваат да ги избркаат оние кои се рушители на македонското единство. Проблемот кој си го имате со диктатурата всушност е тоа што ја изгубивте 100% медиумска контрола. Не сте навикнати на постоење на опозиција во медиумите. Тоа за вас е појава на диктатура во Македонија.

Од: ljupco,Bitola

Датум: 24.02.2009 07:04:56

